ÉVALUATION DIAGNOSTIQUE DES ÉLÈVES ALLOPHONES

# Compréhension de l'écrit

CYCLE 4 FIN DE 3E

Langue d'origine : macédonien

CANOPÉ

**Презиме:** | **Име:**

NIVEAU : FIN DE 3e

## Прочитајте го следниов текст:

Беше тоа најубава ноќ на светот; месечината заоѓаше, а ѕвездите светеа посветло на темното небеско синило. Ни најблаг ветрец не ги бранувашe дрвјата; воздухот беше топол и нежен.

Беше потпрена на лактот, со очите кон небото; се наведнав покрај неа и ја гледав како сонува.

Набргу го кренав погледот и јас; двајцата нè обзеде меланхолична сласт. Заедно го вдишувавме топлиот воздух што излегуваше од сводот*; далеку во вселената ги следевме последните избледени траги што ги влечеше месечината со себе спуштајќи се зад црните маси од костени. Се сетив на еден ден кога со очај ја гледав големата празнина на ова убаво небо; се растреперив од тоа сеќавање; сега сè беше толку полно! [...]

Ја обвиткав раката околу мојата мила љубовница; полека ја свртe главата; очите ѝ беа потопени во солзи. Телото ѝ се сви како трска, нејзините полуотворени усни паднаа врз моите и заборавивме на вселената.

*Тунел од дрвја: дрвја што формираат патека од жива ограда.

Алфред де Мисе, *Исповед на детето на векот*, 1836 г.

Заокружете го/ги правилниот одговор

## 1

Колку личности има во текстот?

- 1
- 2
- 3

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 2

Каде и кога се одвива дејството?

- Во стан
- Надвор
- Наутро
- Навечер

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 3

Овој извадок се однесува на:

- Пријателски состанок
- Нова средба
- Сон
- Љубовен состанок
- Разделба

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 4

Ситуацијата е:

- Загрижувачка
- Романтична
- Злобна
- Мирољубива
- Не знам

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 5

Подредете ги елементите по хронолошки редослед со броеви од 1 до 4:

......... Личностите се бакнуваат

......... Личностите го гледаат пејзажот

......... Младата жена плаче

......... Раскажувачот размислува за болна епизода

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 6

Нацртајте линија од зборот на левата страна до спротивната страна, десната:

| | |
|---|---|
| | • Носталгично |
| Нежен • | |
| | • Намирисана |
| | • Задоволство |
| Сласт • | |
| | • Без мирис |
| | • Одвратно |
| Меланхолична • | |
| | • Радосно |

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 7

Според вас, зошто плаче младата жена?
(Заокружете го/ги правилниот одговор според текстот)

- Жали затоа што е заведена од раскажувачот
- Исплашена е
- Среќна е
- Болна е

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 8

Кои се ефектите од љубовта врз раскажувачот? (Заокружете го правилниот одговор)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Љубовта му овозможува да заборави на остатокот од светот | • Точно | • Неточно | • Не знам |
| Го прави несреќен | • Точно | • Неточно | • Не знам |
| Му ја менува перцепцијата за светот | • Точно | • Неточно | • Не знам |
| Му дава смисла на неговото постоење | • Точно | • Неточно | • Не знам |

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

**Rappel des codes de correction :**
**MI** = maîtrise insuffisante **MF** = maîtrise fragile **MS** = maîtrise satisfaisante **TBM** = très bonne maîtrise
**MI et MF :** non acquis **MS et TBM :** on considère que c'est acquis